**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ И ЈУЖНОСЛОВЕНСКА КНИЖЕВНОСТ ВО СРЕДНИОТ ВЕК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902 - 68/15 од 1.3.2018 година донесена на 168. (сто шеесет и осмата) седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 1.3.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент на наставно-научната област *македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и

„Коха“ на 14.2.2018 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

**Д-р Милена Ристова-Михајловска** е родена на 3 февруари 1985 година во Велес. Основно образование завршува во ОУ „Страшо Пинџур“ во Неготино, со одличен успех, при што се стекнува со три први награди за најдобар есеј и први награди на општински и регионален натпревар по македонски јазик. Како ученик во ОУ „Страшо Пинџур“ во Неготино е дописник на градот за Македонско радио. Соработник и водител е на локалните медиуми „Канал 100“ и „Радио Микс“. Средно гимназиско образование завршува со одличен успех во СОУ „Св. Кирил и Методиј“ во Неготино, при што е уредник на средношколскиот весник. Освојува второ место на општински натпревар по македонски јазик и учествува на семинар за македонски јазик и литература во Охрид, каде што се реализираат работилници за креативно пишување со писателите Киро Донев и Горјан Петревски (2002). Во целиот тој период на основно и средно образование членува во КУД „Јане Сандански“ во Неготино, при што како играч, пејач и водител настапува на фолклорни фестивали во земјава и во странство.

Во учебната 2003/2004 година како прворангирана на бодовната приемна листа се запишува на студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Во рамки на студиите е дел од тимот за реализација на истражувачка настава во Долна Преспа, Албанија, со цел детектирање на состојбите при говорење на мајчин јазик во немајчина средина (2006). Член е на делегацијата - претставници на современата македонска поезија во Мелник, Р. Бугарија, заедно со академик Гане Тодоровски, Паскал Гилевски, Васил Тоциновски и други (2006). Преку младинска размена реализира студиска посета во Истанбул, Р. Турција (2006).

За време на студиите, во периодот од 2006 до 2009 година работи во образовната програма на МРТВ како новинар и водител во емисијата „Ѕвон“ во Скопје; во 2004 и 2005 година е надворешен соработник (програмски едукатор) на Сојуз за грижи и воспитување на децата на Македонија; во 2003 година е ментор на ученици на манифестацијата „Детски лирски треперења“ во Охрид. За време на студиите и една година потоа, работи како автор и координатор на проектот „Македонскиот јазик - наше богатство“ што е проект во рамки на Програмата за одбележување на годината на македонскиот јазик, поддржан од Министерството за образование и наука (2007, 2008 и 2009 г.). Од 2007 до 2009 година е претседател на Литературниот клуб „Киро Андонов“ при Локалната библиотека „Страшо

Пинџур“ во Неготино, а како надворешен соработник работи на бројни проекти во НУЦК „Ацо Ѓорчев“ во Неготино, Музеј во Неготино, ТВТ - Кавадарци и Радио „Енерџи“ - Неготино (од 2006 до 2009 година). Во тој период објавува поетски творби во списанието „Современост“, а учествува и на „Караманови средби“, „Мелнички вечери на поезијата“, „Струшки вечери на поезијата - Ноќ без интерпункција“, Меѓународна манифестација „Илинден“, „Чингови вечери“ итн.

Дипломира на 14 февруари 2008 година со просечна оценка 8,90 и се стекнува со титулата дипломиран професор по македонска книженост со македонски јазик и јужнословенски јазици. Веднаш по дипломирањето е ангажирана како промотор на Проектот за самовработување со кредитирање преку Агенција за вработување на Р. Македонија, но и како професор во Друштво за одржување курсеви за странски јазици и преводи „Македонски славистички центар“ - Скопје. Работи во ТВ Ирис во Штип како уредник, новинар и водител на емисијата за уметност, литература, образование и култура „Неделна галерија“ (2008 – 2009 г.). Во јуни 2009 година се вработува како портпарол на градоначалникот во Општина Штип, каде што истовремено е вклучена во работни активности и посетува континуирани обуки во областите: односи со јавноста, култура, едукација, родово одговорно буџетирање, организациски менаџмент, протокол и меѓународна соработка.

Во учебната 2009/2010 година се запишува на магистерски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира на 24 септември 2014 година со одбрана на магистерскиот труд на тема „Автографи на македонски книжевници од XV и XVI век“ со положени испити со просечна оценка 9,91 и се стекнува со титулата магистер по филолошки науки.

Докторира на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во областа на македонистиката, со истражување во подрачјето на средновековната македонска книжевност и на 29 јуни 2017 година се стекнува со титулата доктор по хуманистички науки. „Полемики во македонската писмена традиција“ е темата на нејзината одбранета докторска дисертација.

Од јануари 2016 година до март 2018 година работи како директор на НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ во Штип, каде што иницира и спроведува бројни авторски проекти и активности од областа на културата, неформалното образование, меѓународната билатерална и мултилатерална соработка итн. Од март 2018 г. е советник за средно образование во Општина Штип.

Објавува повеќе поетски збирки. Објавува поезија, есеистика и литературна интерпретација во повеќе списанија. Учествува на меѓународни научни конференции со презентација и публикување на трудови во ресорните зборници и списанија. Учествува и на конференции од областа на библиотекарството во земјава и во странство. Се јавува како промотор на македонската литература во Јагодина - Србија, Крагуевац - Србија, Сливен – Бугарија, Стражица - Бугарија, Ќустендил - Бугарија, Париз - Франција, Киркларели - Турција, Мудурну - Турција, Ѓонѓош - Унгарија, Задар - Хрватска, Сплит - Хрватска итн. Објавува колумни и статии со тенденција за зачувување на јазикот и литературата. Предавач е на трибини и работилници за јазик, литература, правопис и правоговор. Рецензент е и промотор на научни трудови и поетски и прозни творби. Учествува на многу поетски манифестации, а основач е на манифестациите „Денови на Шопов“ во Штип, „Тоше Проески има само датум на раѓање“ и „Гоце Делчев - великанот роден за да нè учи и води“. Нејзините поетски творби се застапени во Антологијата на авангардната македонска поезија, Антологијата на жени-поетеси, зборник „Премин“, зборник „Поплава“, алманах „Искра“ бр. 31, „Поетски поздрав на Четерсе - 2015“ итн. Член е на комисии од литературни конкурси, распишани како проекти на Министерството за култура на РМ. Член на комисија на трите традиционални литературни манифестации во организација на Милица Паулус. Како автор и координатор има спроведено многу проекти од областа на литературата, јазикот, уметноста и културата во библиотеките и центрите за култура во земјава и во соседните држави. Има работено како кореограф и координатор на проектни активности во рамките на културно-уметничко друштво во Штип, во периодот од 2009 до 2014 година, со претставување на македонскиот фолклор, литература и култура во

домашни и меѓународни рамки (Србија, Босна, Бугарија, Турција). Од јануари 2014 година е едукатор во Здружение за уметност, едукација и култура Академија „ЕУРОАРТ“, каде што истовремено ја менаџира работата на фолклорната и книжевната школа. Изготвувач е на елаборати за заштита на културното наследство: раритетни и старопечатни книги. Координатор и автор е на проектите: Летна школа „БИБЛИО - АРТ 2016“, Летна школа „БИБЛИО - АРТ 2017“ и Зимска школа „БИБЛИО - АРТ 2017“. Посетува обуки, семинари и конференции во областа на односи со јавноста, а во рамки на меѓународни и домашни проекти се јавува и како ПР - обучувач на општините од Источниот и Југоисточниот плански регион во земјава. Член е на Литературен клуб „Искра“ во Штип, член на Редакцијата на општинскиот гласник „Мозаик“, уредник на електронското меѓународно списание „Медиевал“. Добитник е на врвната гран-при награда од Трите традиционални литературни манифестации, „Прозно перо“, „Македонска лирска поезија“ и „Поетска гала“, за трудот „Автографи на македонски книжевници од XV и XVI век“.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент**

**1.1.** Милена Ристова-Михајловска е доктор по хуманистички науки, област македонистика, со одбранета докторска дисертација во потесната област средновековна книжевност на Филолошки факултет „Блаже Конески“ на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломира на 14 февруари 2008 година со просечна оценка 8,90 и се стекнува со титулата дипломиран професор по македонска книженост со македонски јазик и јужнословенски јазици. Во учебната 2009/2010 година се запишува на магистерски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира на 24 септември 2014 година со одбрана на магистерскиот труд на тема „Автографи на македонски книжевници од XV и XVI век“, со положени испити со просечна оценка 9,91 и се стекнува со титулата магистер по филолошки науки.

**1.2.** Има објавено најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Ristova – Mihajlovska, Milena** and Mihajlovski, Angele | “REFERENCE TO THE ANALYSIS OF PROSE TEXT FROM THE ASPECT OF THE ABILIITYTO DETERMINE THE NARATION AND ANALYSIS OF SONATA FROM THE ASPECT OF SKILLS FOR PIANO“, | Knowledge - International Journal, 11/1, 2015 | VIII |
| 2. | **Milena Ristova - Mihajlovska,** Angele Mihajlovski | „THE INTERPRETATION OF THE LITERATURE AND MUSIC ACT - A STEP TOWARDS BETTER MENTAL HEALTH“ | Knowledge – International Journal, Scientific and Applicative papers V8/2, 17 – 19, 2015 | VIII |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Nikolovska Vrateovska, Dance, Mihajlovski, Angele and **Ristova – Mihajlovska, Milena** | „The function of education and the scientific and research and artistic activity in the creation of human capital and knowledge – based economy in R. Macedonia“ | Knowledge – capital of the future „Knowledge – now but how“ – International Journal, November 2014 | VIII |
| 4. | Milena Ristova - Mihajlovska | Slavic literacy - the basis of the missions of Cyril and Methodius | International journal “Medieval&arts&scienses”, 1-2, 2016 | III |
| 5. | **Milena Ristova – Mihajlovska,** Violeta Martinovska | “An attempt to establish the poetics of medieval controversy” | International journal “Medieval&arts&scienses”, 1-2, 2016 | III |
| 6. | **Milena Ristova – Mihajlovska,** Violeta Martinovska | “The relation: Bogomils - apocrypha” | International journal “Medieval & arts & scienses”, 3-4, 2017 | III |
| 7. | Milena Ristova - Mihajlovska | The collections of Visarion from | International journal “Medieval & arts & scienses”, 3-4, 2017 | III |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Милена Ристова - Михајловска | „Панорамски поглед врз поемата ’Деницијa’“ | Зборник од IV Меѓународна научна конференција (Политикологија, историја, лингвокултурологија), Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“, Свети Николе - Битола, Р. Македонија, 2013 год. | IX |
| 9. | Милена Ристова - Михајловска | „Релацијата Исток – Запад (ориентализам – балканизам) во една современа македонска драма“ | Зборник од Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ / Second international scientific conference „Social changes in the global world“, 3-4, 2015 | V |
| 10. | Милена Ристова - Михајловска | „Со креативност, корелација и интеграција до квалитетно учење и долговечно меморирање“/„With creativity, correlation and integration to quality learning and long-living memory“ | Зборник од Научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование. Состојби, предизвици и перспективи“, мај 2014 г. | VI |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Mihajlovski, Angele and **Ristova - Mihajlovska, Milena** | Music and literature – an ideal fusion for catharsis | Зборник од: VII Международная научная интернет - конференция "Общество, общности, человек : в поисках "вечного мира", 2014 | XI |
| 12. | Milena Ristova - Mihajlovska | "The genre polemics in the old written tradition and its relevance in the modern educational process" | Зборник од IV Научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи" | VI |
| 13. | Милена Ристова-Михајловска | „Интерпретација на средновековните автографи со цел нивно приближување до современиот реципиент" | Зборник од Научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Р. Македонија", мај 2015 год. | VI |
| 14. | **Милена Ристова-Михајловска,** Наташа Лазарева | „Училиштето како воспитно-образовна институција и просветата некогаш и денес" | Зборник од Научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Р. Македонија", мај 2015 год. | VI |
| 15. | Милена Ристова-Михајловска | „Краток осврт кон славјанството на Џинот или обид за дефинирање на европскиот романтизам" | Зборник од II Меѓународна научна конференција, Корпоративен меѓународен славјански универзитет Свети Николе - Тамбов, „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ : ИСТОК - ЗАПАД" (Култура, славјанство и економија), 2011 | IX |
| 16. | Ристова - Михајловска, Милена | „ЗА ДВЕ ПОХВАЛНИ СЛОВА НА СВЕТИ КЛИМЕНТ И БИБЛИСКИТЕ ЦИТАТИ И ЕЛЕМЕНТИ ВО НИВ" | Зборник од Меѓународна – научна конференција „Климентовото дело" / International scientific conference "St. Kliments lifework", јуни 2016 г. | III |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Ристова - Михајловска, Милена | „Бесконечноста и поистоветувањето со природата во поетиките на Константин Миладинов и Бранко Радичевиќ“ : компаративна интерпретација на песните „Шупељка” и „Кога присакав да умрам” | Меѓународна научна конференција, Меѓународен дијалог : Исток-Запад : (култура, славјанство и економија) : зборник на научни трудови | | IX |
| 18. | Ристова - Михајловска, Милена | „Иновативниот пристап кон литературното дело - можен чувар на читателската традиција“ | TI=Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век : научностручна трибина, 2015: зборник на научни трудови | | III |
| 19. | Јованова, | „Библиотеките | TI=Библиотекарство | | XXXV |
| | Вилма, **Ристова - Михајловска, Милена,** | поврзуваат луѓе, заедници и нации“ | списание со меѓународен карактер на Библиотекарското друштво на Македонија God. 33, br. 1-2 (2016) | | |
| 20. | Спиридонова, Блага и **Ристова - Михајловска, Милена** | „Нови програмски содржини“ | TI=Библиотекарство : списание со меѓународен карактер на Библиотекарското друштво на Македонија, God.34, br. 1-2 (2017) | | XXXV |
| 21. | **Ристова - Михајловска, Милена,** Јованова, Вилма и Манева, Соња, | „Ацо Шопов - вечен поет и горд патрон во градот под Исарот“ | Зборник од Меѓународна конференција „БИБЛИОНЕТ 2016“, тема „Лега и библиотеке целине“, Крагуевац, Србија, 2016 | | XI |
| 22. | **Ристова - Михајловска, Милена** и Јованова, Вилма | „Иновативни активности и инфраструктурни проекти за промена на стереотипната перцепција за библиотеката“ | TI=Библиотекарство : списание со меѓународен карактер на Библиотекарското друштво на Македонија, God. 33, br. 1-2 (2016) | | XXXV |
| 23. | Милена Ристова - Михајловска | „НАРАТОРСКИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И ДОСЕТКИ – ТКАЈАЧИ НА ЕДНА НОВА СКАЗНА ВО СТИХОВИ СО АРС - ПОЕТСКО ВАЈАЊЕ НА ЛИКОТ НА ПИТИ БОЈ“ | Меѓународно списание за деца и млади „Нов круг“, 1-2, 2018 | | II |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24. | Милена Ристова - Михајловска | „ХУМОРОТ НА БЛАГИЦА ЕФРЕМОВА ВО ПОЕТСКИОТ СТИХОЗБИР „СЕРИОЗНОТО ЛАВЧЕ“ | Меѓународно списание за деца и млади „Нов круг“, 1-2, 2018 | II |

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Д-р Милена Ристова-Михајловска учествува на бројни меѓународни симпозиуми, конгреси, форуми, семинари, стручни собири и конференции во земјава и надвор од неа и тоа како од областа на образованието, воспитанието, библиотекарството, така и од областа на својата тесно-стручна усовршеност, односно од областа на филолошките науки и од потесната област - средновековна книжевност и книжевност воопшто, при што има објавено поголем број стручни и научни трудови. Одржува тематски предавања во земјава и во странство од областите на книжевноста, јазикот, филологијата, библиотекарството и односи со јавноста.

***Посетени обуки***

- „Изготвување програма за комуникации“, НВО Инфо-центар, 2011, Маврово.
- „Правилник за јавност во работата на општината“, ЗЕЛС, 2011, Скопје.
- „Примената на етичките стандарди на ПР - лицата во општините“, ЗЕЛС, 2011, Маврово.
- „Внатрешната комуникација - основа за добро комуницирање со надворешната јавност“, ЗЕЛС, 2011, Скопје.
- „Протокол“, ЗЕЛС, 2010, Струга.
- „Односи со јавност - дефинирање, модели, организирање на ПР - служба“ и „Односи со медиумите и важни алатки и техники за односи со медиумите“ ЗЕЛС, 2010.
- „Толеранција, дијалог, соработка! Промовирање на меѓурелигиски дијалог преку градење на капацитети за медиумите и религиските претставници“, Фондација „Конрад Аденауер“ (КАС) и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ (ИДСЦС), 2011, Штип.
- „Односи со јавност и општината како бренд“, НВО Инфо-центар, 2010, Скопје.
- „Менторство при практикантската работа“, Моја кариера, 2009, Скопје.
- „Обука за локален совет за превенција“, 2009, Штип.
- „Јавно говорење“, Secondary Edukation Activity - Активности во средното образование, учебна 2006/2007 год., Неготино.
- СЕА ПРОЕКТ, Secondary Edukation Activity - Активности во средното образование, Модул 1, Учење во училница, учебна 2006/2007 год.
- СЕА ПРОЕКТ, Secondary Edukation Activity - Активности во средното образование, Модул 2, Учење преку проекти, учебна 2006/2007 год., Неготино.
- СЕА ПРОЕКТ, Secondary Edukation Activity - Активности во средното образование, Модул 3, Учење преку заедница, учебна 2006/2007 год., Неготино.
- СЕА ПРОЕКТ, Secondary Edukation Activity - Активности во средното образование, Модул 4, Учење преку работа, учебна 2006/2007 год., Неготино.
- „Изготвување проект – план и правилно аплицирање во културниот сектор во Република Македонија до светските и европски фондации“, Министерство за култура, 2008, Скопје.
- „ИПА ЕУ помош 2007 - 2013“, Секретаријат за европски прашања на Влада на Република Македонија, 2008, Неготино.
- „Младите во заштита на јавниот интерес”, Коалиција на младински НВО „СЕГА“, National endowment for democracy, 2008, Скопје.

- „Односи со јавност", Коалиција на младински НВО „СЕГА", National endowment for democracy, 2008, Штип.
- „Градење партнерства и вмрежување во функција за лобирање и застапување", Коалиција на младински НВО „СЕГА", National endowment for democracy, 2008, Штип.
- „Комуникација и разрешување на конфликти и развивање на мултиетничките пристап за односите со јавност", ФИООМ, 2008, Прилеп.
- „Децентрализација и управување со мултиетнички заедници", ФИООМ, 2008, Битола.
- „Образованието на Ромите во Тиквешкиот регион", ФИООМ, 2008 и многу други.

***Список на објавени научни и стручни трудови***

1. Ристова-Михајловска, Милена, **„Жанрот полемики во старата писмена традиција и неговата актуелност во современиот образовен процес",** IV научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи", 18 мај 2016 г., Штип, Р. Македонија / Ristova-Mihajlovska, Milena, "The genre polemics in the old written tradition and its relevance in the modern educational process", стр. 41 – 48.

**Евалуација на трудот:** Како многу ретко работена тема и само во неколку наврати дефиниран жанрот *полемика,* во овој труд добива конкретно дефинирање и утврдување. Преку трудот се прави паралела на застапеноста на овој жанр во старата македонска писмена традиција и неговата застапеност денес преку современите форми на полемизирање, односно мрежа на дискусија или дебата. Се проследува развојниот пат на жанрот полемика на македонското тло, разгледуван преку неговите иницијации и сериозни појави во македонското средновековие, па сè до денес. Заклучокот е дека поетиките и структурите на полемиките низ целиот тојразвоен текостануваат исти. Се менуваат содржините, а микроструктурите остануваат исти.

2. Ristova-Mihajlovska, Milena and Mihajlovski, Angele, **"REFERENCE TO THE ANALYSIS OF PROSE TEXT FROM THE ASPECT OF THE ABILIITYTO DETERMINE THE NARATION AND ANALYSIS OF SONATA FROM THE ASPECT**
**OF SKILLS FOR PIANO",** Knowledge - International Journal, 11/1, 2015.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се прави осврт кон анализирањето на две уметнички дела од кои едното е музичко, а второто е литературно. Секое уметничко дело е комплексно по својата природа, содржина и структура. Овој труд не само што интерпретура, туку и едуцира: за да се направи соодветна анализа на делото, потребно е аналитичарот, односно интерпретаторот да поседува соодветни вештини и способности за утврдување на спецификите на делото. Музиката и литературата се секогаш компатибилни, па поради тоа во овој труд се прави анализа на еден прозен текст и една соната. За да се утврди нарацијата на едно литературно дело, потребни се големи познавања од областа на наратологијата. За да се анализира Сонатата од Бетовен, потребно е аналитичарот да покаже стручен аналитички пристап и познавање на пијанистичките вештини. На реципиентите на овој труд, а главно на студентите им се прикажува по еден начин за анализа на две врвни уметнички дела што денес ги изучуваат и треба да им пренесат на генерациите што доаѓаат.

3. Ристова-Михајловска, Милена и Михајловски, Ангеле, **„Интерпретацијата на литературното и музичкото дело – чекор кон подобро ментално здравје"** / Milena Ristova-Mihajlovska, Angele Mihajlovski, „THE INTERPRETATION OF THE LITERATURE AND MUSIC ACT - A STEP TOWARDS BETTER MENTAL HEALTH", „4th INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE:

KNOWLEDGE - CAPITAL OF THE FUTURE" – International Journal Scientific and Applicative papers V8/2, 17 - 19 april 2015, стр. 83 – 87.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се пласира и потврдува тезата дека интерпретацијата на уметничкото дело, без разлика дали е литературно или музичко, подеднакво позитивно влијае на менталното здравје на индивидуата. При интерпретацијата на книжевното дело се вклучува интелектот на индивидуата преку активирање на: целокупното дотогашно знаење, искуство, логика, аналогија, расчитување на симболите

и менталн контрола. Преку интерпретацијата на музичкото дело, не само што активно се вклучува интелектот, туку на пиедестал доаѓа прстната гимнастика. Со овие и слични аргументи се потврдува почетно поставената теза.

4. Ристова-Михајловска, Милена, **„Интерпретација на средновековните автографи со цел нивно приближување до современиот реципиент“,** Научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Р. Македонија“, 13 мај 2015 год.

**Евалуација на трудот:** Автографите од средниот век како ретко работена проблематика на нашиве простори, преку овој труд се пласираат пред поширока научна јавност, а со тоа се предлагаат и начини преку кои автографите од средниот век можат да им се доближат на современите читатели, ученици и студенти. Не само што со овој труд се афирмира жанрот автографи, туку се прави и интерпретативна анализа, базирана на херменевтички толкувања и поврзување на утврдената поетика со конкретниот текст. Со овој труд се прави иновативен пристап кон текстовите на старата литература, интересен за потребите на љубопитниот и заситен современ реципиент.

5. Ристова-Михајловска, Милена и Лазарева, Наташа, **„Училиштето како воспитно-образовна институција и просветата некогаш и денес“**, Научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Р. Македонија“, 13 мај 2015 год.

**Евалуација на трудот:** Преку овој труд се разгледува појавата и развојниот пат на македонското училиште, но и училиштето низ соседните земји, низ сите негови форми и појави. Целта е да се направи споредба меѓу просветата и училиштетот некогаши денес и се успева во тоа. Софиското училиште е едно од оние каде се втемелува наставата, но тука се и силните средновековни книжевни центри, лоцирани во македонските цркви и манастири каде освен образовен, се негува и развива и препишувачка, преведувачка и авторска дејност. Понатаму се разгледува образовниот процес и неговиот преродбенички развој во текот на македонскиот деветнаесетти век, за веднаш потоа да се направи премин кон училиштето и образованието во дваесеттиот и дваесет и првиот век.

6. Ristova-Mihajlovska, Milena / Ристова-Михајловска, Милена, **„A HERMENEUTIC READING OF A POETIC LITERARY WORK DURING IMPLEMENTATION OF A LESSON“/**„Едно херменевтичко читање на поетско литературно дело при реализација на наставен час“, ФЕС КОНФЕРЕНЦИЈА / FES Conference / Меѓународна научна конференција „Образованието во XXI век. Состојби и перспективи“ / International scientific conference „Education in XXI century. Conditions and perspectives“, книга со апстракти, 24 – 25 септември 2015 год., стр. 44.

**Евалуација на трудот:** Современите тенденции налагаат иновативни пристапи во наставата. Преку овој труд им се сугерира на сегашните просветни работници на кој начин да ја доближат литературата до студентите и учениците, кои, пак, се наклонети кон информатичката технологија. На кој начин да се посегне кон книжевноста и книгата во време кога компјутерите, таблетите и телефоните се доминантна материјална алатка за пребарување информации? Одговорот се дава во овој труд. Наместо сувопарното изучување на средновековната книжевност, наместо учењето наизуст на одредени поетски творби, со помош на техниките на метафориката, херменевтиката, теоријата на литература и интерпретацијата на литературен текст може да се поттикне современиот читател да се пренасочи кон книгата.

7. Ристова-Михајловска, Милена, **„Реконструкција на свадбените обичаи и песни во с. Лесковица, Штипско“,** CCCConference „Cultural Memory“, Конференција на ЦККС „Културна меморија“, 5 - 7 септември 2013.

**Евалуација на трудот:** Овој научноистражувачки труд е скратена верзија од една долгогодишна научноистражувачка работа на терен. Првенствено собрани се свадбени обичаи, песни и обреди преку живи информатори од село Лесковица, Штипско. Сите тие собрани материјали понатаму се селектирани и подредени во пишана научна работа, збогатена со конкретно толкување на секој обичај и обред поединечно, виден преку очите на книжевноста, врските со паганството, христијанството, митологијата. Што се однесува до собраните песни што припаѓаат на народната книжевност, во случајов за

првпат публикувани пред јавноста, истите се истовремено и интерпретирани, а утврдена е и поетиката на народната песна. Се прави една анализа низ временската оска на секој обичај поединечно и се констатира реконструкцијата на сите тие обичаи, обреди и песни од минатото, па сè до денес.

8. Nikolovska Vrateovska, Dance, Mihajlovski, Angele and Ristova – Mihajlovska, Milena, **„The function of education and the scientific and research and artistic activity in the creation of human capital and knowledge – based economy in R. Macedonia“,** 3th International scientific conference: Knowledge – capital of the future „Knowledge – now but how“ – International Journal, 29 November 2014, Bansko, R. Bulgaria, стр.75 – 79.

**Евалуација на трудот:** Појавата на новиот концепт наречен економија базирана на знаење се фокусира на знаењето и на изобилството на информации и идеи што заеднички се зголемуваат и користат, ги рушат меѓународните граници и стануваат општествено – јавно добро. Во овој труд преку користење на позитивниот и нормативниот научен пристап и употреба на индуктивниот, дедуктивниот, историско-компаративниот, синтетичкиот, аналитичкиот и методот на трендовска анализа се дефинираат каналите на трансмисија на образованието и научноистражувачката и уметничка работа при создавањето на човековиот капитал и економијата базирана на знаење и воедно, при фокус на анализа за случајот на Р. Македонија. Нотирани се препораки за понатамошни идни активности, а паралелно на тоа се дефинирани видовите и методите на вршење научноистражувачка дејност во методиките на наставните предмети македонски јазик и литература и музичко образование и воспитание.

9. Ристова-Михајловска, Милена, **„Панорамски поглед врз поемата ’Деницијa’“,** IV Меѓународна научна конференција (Политикологија, историја, лингвокултурологија), Меѓународенславјански универзитет „Гаврило Романович Државин“, Свети Николе - Битола, Р. Македонија, 20.4.2013 год.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави темелна анализа на „Деницијa“, третата поетска книга на Петре М. Андреевски. Со трудов се аргументира тезата дека во „Деницијa“ љубовта е изградена до ниво на смисла на постоење, до ниво на поетски принцип, кој својот свет го започнува и завршува во неа - во љубовта, затоа што таа е подвижник и смисла, почеток и цел на сето постоење. Драмата на постоењето тука се згуснува во универзализацијата на љубовта, како суштина на човековото постоење, поради нејзината сеприсутност и сеопфатност. Се потенцира семантички полното име. Се прави длабока анализа на ниво на семантика и стилски фигури. Се поставува тезата за цикличноста. Се земаат предвид циклусите во секојдневието, во природата, во животниот биоритам. Аналогно на тоа се јавува и цикличноста на поетскиот циклус „Деницијa“, што може да се воочи од структурата на поемата, во која од страна на авторката се определени следниве составни елементи, кои кореспондираат со стадиумите низ кои минува денот: почеток или иницијација раѓање; централна активност или кулминација растење и зрелост; крај или завршок, старост и умирање. Заклучокот е дека Деницијa не е една и единствена жена, туку олицетворение на сè женско и женствено што битисува во нас, со нас и околу нас.

10. Ристова-Михајловска, Милена, **„Релацијата Исток - Запад (ориентализам – балканизам) во една современа македонска драма“,** Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ / Second international scientific conference „Social changes in the global world“, 3-4 септември 2015 год., стр. 202 – 203.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се прави диференцијација на балканизмот и ориентализмот и се одредува релацијата Исток - Запад. Потенцирано е дека според Фројд личноста има две страни од кои едната е супериорна, другата - инфериорна. Оваа релација се детектира во современата македонска драма „Словенскиот ковчег“ од Венко Андоновски. Се толкуваат симболите ковчегот, правот, јаболкницата и сенките. Важен е заклучокот дека ковчегот се потпира на два елемента: во него се положува материјалното или духовно богатство, а отворањето на ковчегот е еднакво на откровение.

11. Ристова-Михајловска, Милена, **„Со креативност, корелација и интеграција до квалитетно учење и долговечно меморирање“** / Milena Ristova - Mihajlovska, „With creativity, correlation and integration to quality learning and long-

living memory“, Научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование. Состојби, предизвици и перспективи“, 14 мај 2014 год., стр. 183 – 188.

**Евалуација на трудот:** Овој труд, во прв план, е насочен кон правење паралела помеѓу образованието, односно училиштето во минатото и во современието. Поради тоа што истражувачките интенции и афинитети на авторката се насочени кон средниот век и кон векот на преродбата, таа прави ретроспективен осврт кон учителствувањето во клучните векови за создавање базична литература и поставувањето на темелите на македонското училиште. Паралелно на сето ова, авторката препорачува модули во доменот на методиката на наставата по книжевност што, според неа, носат позитивни ефекти и преку кои се постигнува целта за трајно меморирање на на реципираните содржини знаења. Тука се посочуваат и техники за максимално искористување и пробудување на креативноста и на наставникот и на ученикот, како и поврзувањето на теоријата со пракса како еден од клучните сегменти на концептот на долготрајно учење.

Mihajlovski, Angele and Ristova-Mihajlovska, Milena (2014) **Music and literature – an ideal fusion for catharsis.** In: VII Международная научная интернет - конференция “Общество, общности, человек : в поисках “вечного мира”, 17 Nov 2014, Internet Conference, стр. 8 – 10.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд темелно се објаснува значењето на Аристотеловиот поим „катарза“ преку паралела на поимот низ минатото и денес. Во својата „Поетика“, Аристотел го користи овој поим како „духовно очистување“ при и по гледањето на античката драма. Во трудов, авторите го доведуваат поимот до ниво на реципирање на сите видови уметнички дела во современоста. Моќта на катарзата се доведува до релација до духовното живеење и социјализацијата во современото општество. Дадена е релацијата уметничко дело – реципиент. Делото е медиум меѓу општествената понуда на културен план и реципиентите. Катарзата е позитивен резултат на вака реализираната релација.

12. Милена Ристова-Михајловска, **„Краток осврт кон славјанството на Цинот или обид за дефинирање на европскиот романтизам“,** II Меѓународна научна конференција, Корпоративен меѓународен славјански универзитет Свети Николе - Тамбов, „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ : ИСТОК - ЗАПАД“ (Култура, славјанство и економија), 17.3.2011 год., стр. 167 – 169.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се потенцира фактот дека литературно-историскиот романтизам е точно определен период во европските книжевности, кој опстојувал во текот на 18 и 19 век. За да се стаса до 18 и 19 век, авторката на трудот ја поставува базата, односно ги коментира и стилските формации во текот пред периодот на новата книжевност, низ вековите наназад. Се поставуваат и лулките на европскиот романтизам во Германија, Русија, Полска, Чешка, сѐ со цел да се стаса до периодот и просторот на задоцнетиот романтизам во јужнословенската литература. Воедно, се стасува и до тезата за славјанството на Јордан Хаџи-Константинов Џинот, потврдена со постоењето на пансловенството во блага форма во неговите дела. Велешкиот и семакедонски преродбеник е голем славјански поборник. Низ низа лексеми и редици искази го потенцира словенството, алудира на светлосната преродба, конотира кон визионерски развој на македонското училиште и творечки се произнесува низ повеќе жанрови форми.

13. Ристова-Михајловска, Милена, **„Автографите на македонски книжевници, колекционирани од Љубомир Стојановиќ - севременска база за книжевна интерпретација“,** Меѓународен научен собир на тема „Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија“, во организација на Конзулатот на Р. Србија во Р. Македонија, Битола, 22 и 23 мај 2015 г.

**Евалуација на трудот:** Предмет на интерес во овој труд се автографите на средновековните македонски книжевници, што се колекционирани од страна на српскиот истражувач Љубомир Стојановиќ, чија капитална оставнина содржи обемен фонд на стари српски записи и натписи. Во овој труд прецизно е истакната целокупната негова публикувана работа, а уважени се и претходните проучувачи, истражувачи и медиевисти од Р. Македонија и Р. Србија. Извршена е интерпретација на дел од тие записи-автографи преку претходно утврдување на нивните поетички и реторички микроструктурни елементи.

Во склоп на овој труд е кусо интерпретиран еден автограф од македонски книжевник, а колекциониран во една од збирките на српскиот книжевен работник Љубомир Стојановиќ.

Ристова-Михајловска, Милена, **„Бесконечноста и поистоветувањето со природата во поетиките на Константин Миладинов и Бранко Радичевиќ“ : компаративна интерпретација на песните „Шупељка” и „Кога присакав да умрам”,** TI=Меѓународен дијалог : Исток - Запад : (култура, славјанство и економија) : зборник на научни трудови, стр. 113-115.

**Евалуација на трудот:** Во трудот се обработуваат поимот на одвојување од реалното и поимот бескрајно и бесконечно, подеднакво присутни во поетиките на поезиите на македонскиот романтичар и поет Константин Миладинов и јужнословенскиот приврзаник на романтизмот Бранко Радичевиќ. Анализирајќи ги темелно поетските творби на двајцата поети, авторката доаѓа до констатација дека може да се изврши релевантна споредба на поетиките на нивните поетски дела. Се дефинираат горенаведените поими и нивното присуство во европските и во домашната литература. Компарацијата оди на тие две ниво и се стигнува до заклучок дека кај Радичевиќ елементот на „поистоведувањето“ не е докрај успешно направено, туку идеализмот оди до бесконечност. Кај Миладинов е успешно вметнат елементот на поистоветување со природата, но се јавува и еден важен романтичарски принцип, а тоа е романтичарската иронија. Успешна е интерпретацијата и споредбата на двете поетски творби од двајцата поети - романтичари.

14. Ристова-Михајловска, Милена, „**ЗА ДВЕ ПОХВАЛНИ СЛОВА НА СВЕТИ КЛИМЕНТ И БИБЛИСКИТЕ ЦИТАТИ И ЕЛЕМЕНТИ ВО НИВ**“,

Меѓународна научна конференција „Климентовото дело“. Конференција посветена на 1100-годишнината од Климентовото упокојување / International scientific conference “St. Kliments lifework”. International conference dedicated to the 1100th anniversary of the death of St. Kliment, 23 - 24 јуни 2016, Штип, стр. 109 – 115.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се истакнува библиското влијание врз создавањето на пофалните слова на Климент преку детектирање и интерпретирање на библиски: алузии, парафрази и цитати што се среќаваат во две похвални Климентови слова. Со тоа се надминува сувопарното изучување и опис на Климентовите средновековни текстови и се пристапува кон една инвентивна интерпретација на истите со цел нивно доближување до денешната читателска публика преку оживување на уметничките белези, содржани во нив. Се истакнува тезата дека при создавањето на словата биле прифаќани само оние религиозни мотиви што биле поблиски до народниот светоглед, така што влегувајќи во словата биле подложни на соодветни обработки што придонесувало да се оддалечуваат од своите првообрасци од Библијата и да добиваат поразградена фабула, својствена за прозниот фолклор. Предмет на анализа се две похвални слова што се засведочени за Климентови и тоа: „Похвалното слово за бестелесните Михаил и Гавриил“ и „Похвално слово за четиридневниот Лазар“.

15. Ristova-Mihajlovska, Milena, **“Slavic literacy – the basis of the missions of Cyril and Methodius”,** International journal “Medieval & arts & sciеnses”, 1-2, 2016.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд како база на кирилометодиевското мисионерство се става словенската писменост, нејзиното создавање и ширење, а потем доаѓа образложението на перцепцијата за мисионерството во една поширока општествено-политичка смисла. Тоа значи дека нивното мисионерство има и дипломатска улога. Носител на истата е св. Кирил. Оваа теза се потенцира во трудот со тоа што тука се истакнува и аргументира не само книжевната, туку и општествено-меѓународната мисија што ја извршувале Кирил и Методиј. Како силен дипломатски аргумент се зема конкретниот момент на пренесувањето и подарувањето на светите мошти.

16. Ristova-Mihajlovska, Milena, Martinovska, Violeta, **“An attempt to establish the poetics of medieval controversy”,** International journal “Medieval & arts & sciеnses”, 1-2, 2016.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд успешно се утврдуваат структурата и поетиката на средновековната полемика. Кога говорат за структурата, авторките се изјаснуваат дека за да произлезе антитезата, треба да има поставена теза што во средновековните полемики од македонската писмена традиција се јавуваат во неколку облика. Антитезата ја изрекуваат полемичарите што стојат во одбрана на нападнатиот предмет, состојба,

вера, писмо, движење, јазик и сл. Трет структурален дел на полемиката воопшто е заклучокот, кој може да биде: експлицитен и имплицитен. Во однос на поетиката, важно е присуството на реторски прашања, обраќања, повторувања. Константна е застапеноста на вечната антитетска морална догма. Предмет на одбрана се: вистинската вера, писмото и кирилометодиевото дело. Се даваат одлики на напаѓачите во средновековните полемики. Се анализира односот напаѓач - полемичар наспроти бранител - полемичар. Се поставува и брани тезата за Библијата како интертекст, а се одредува и аналитички фигуративноста на средновековната полемика или богатство од стилски изразни средства во средновековната полемика.

17. Ristova-Mihajlovska, Milena, **“The collections of Visarion from Debar”**, International journal “Medieval & arts & scienses”, 3-4, 2017.

**Евалуација на трудот:** Во трудот се сумираат делата на средновековниот книжевник Висарион Дебарски, чие прво датирано книжевно дело е пишувано околу 1540 год., а последното во 1565 год. Се потенцира дека тој е активен книжевник, кој не се задоволува само со препишување на веќе постојните ракописни книги, туку самиот врши избор на текстови, создавајќи ракописни зборници во кои преовладуваат текстови со филозофско-богословска, догматска, граматичка и полемичка содржина. Акцентирани во редот на зборниците на Висарион Дебарски, од делата со полемичка содржина се полемиките на Григориј Палама и Дионисиј Ареопагит. Несомнено, Висарион и оние кои работеле заедно со него, но и по него, ги ползувале делата на големите учители од IV и V век, т.е. ги препишувале, преведувале и ги употребувале во нивната проповедничка односно душекорисна дејност. Од големиот број ракописи на Висарион Дебарски засега може да се зборува за триесетина ракописи, за кои со сигурност се знае дека се негови или за кои се претпоставува дека би можеле да бидат препишани од неговата рака.

18. Ristova-Mihajlovska, Milena, Martinovska, Violeta, **“The relation: Bogomils - apocrypha”**, International journal “Medieval & arts & scienses”, 3-4, 2017.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се брани тезата за нераскинливата врска помеѓу богомилството и апокрифската оставнина. Се изнесува тврдењето на Евтимиј од Периблепт, византиски автор од втората половина на XI век, дека од богатата апокрифна литература богомилите ја прифатиле само „Петровата апокалипса“. Апокрифните текстови водат потекло од старата еврејска религиозна литература во која со нив се означувале тајни книги кои обработувале иста тематика како и старозаветните книги. Преку анонимните апокрифни текстови со многу фантазија се преработувале и проширувале библиските легенди. Старозаветните апокрифи ги имало помалку, бидејќи богомилите во своето учење го отфрлале најголемиот дел од Стариот Завет. Сепак во нивниот развој, а особено по прогоните на богомилите, тие користеле некои старозаветни легенди што биле погодни преку нив да се прикријат основните принципи на богомилското дуалистичко учење. Авторството на апокрифните евангелија им се припишува на авторитетни христијански личности.

19. Ристова-Михајловска, Милена, **„Се открива ли темата на прогонот во Антеовската ’Мпете’?“,** „Литературен збор“, 1 - 3, Скопје, 2012, стр. 153 – 162.

**Евалуација на трудот:** Интерпретирајќи го литературниот текст, излеан од перото на Анте Поповски, со наслов „Мпете“, авторката е со тенденција да ја погоди непосредната и целосна стварност на уметничкото дело. Современата македонска поезија (во голем дел) претставува поезија создавана во време на поенти. Во таков случај, читателот ја очекува поентата или заклучокот на крајот од поетското дело. Со овој труд се аргументира тезата дека во поезијата на Анте Поповски, иако изобилуваат вакивте завршни поенти (се мисли на поенти испеани во крајните стихови), речиси, секоја лексема, секој стих, секоја сентенција како да е прилепена кон нешто друго. Во трудот се интерпретира дословно песната, со посебен акцент на расчитување на честите метафори и тоа врз база на теоријата на литература.

20. Ристова-Михајловска, Милена, **„Кон неколку автографи од многугрешниот Владислав Граматик“,** „Современост“, број 3 од 2015 год., стр. 83 – 88.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се прави детална анализа на записите - белешките - автографите што ги има оставено Владислав Граматик. Начинот на анализирање оди по

принципот: поделба на автографите на структурни целини, детектирање на елементите што се предмет на анализа и интерпретација на истите. Овде се потенцира записот на Владислав Граматик што содржи информант за неговото потекло. Ова е доказ за тезата дека автографите не само што имаат книжевна функција, туку се и богат извори на историски податоци, маркери за време и место и останати информанти.

21. Ристова-Михајловска, Милена, **„Пеење песна за поетиката на друг поет“,** „Македонска ризница“, бр. 22, мај 2014, стр. 32 – 35.

**Евалуација на трудот:** Симболистите на творечкиот чин гледаат како на свесен процес, во кој, покрај креативната фантазија, рамноправно учествува и интелектот. Тоа значи дека при пеењето на песната, интелектот учествува во нејзината организација, структура, метар, ритам и рима. Во овој труд се става акцент на оваа теза, аргументирана преку поетската творба на Анте Поповски, посветена на поетиката на Гане Тодоровски, кој стиховите ги пее организирани во строфи, најчесто катрени, придружени редовно со рими, а се среќава и сонетот. Во песната без наслов, посветена на Гане Тодоровски, поетот Поповски едновремено пее и за создавањето на песната на Гане и за нејзината поетика, истакнувајќи две клучни обележја: звучноста и неологизмите. Според авторката, Анте Поповски овозможува овој труд да содржи три негови дефиниции, сентенции, поенти и тоа: две за јазикот, една за Бог.

22. Ристова-Михајловска, Милена, **„Вечното женско во песните за Таја“,** Списание на Друштво на писатели на Р. Македонија, „Синтези“, бр. 41, 2016, стр. 71 – 72.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за рецензија на 30 поетски творби што припаѓаат на современата македонска поезија. Во трудот на аналитичко-интерпретативен начин се детектирани симболите во поезијата, а „вечното женско“ како универзален мотив е проанализиран од повеќе аспекти. Од аспектот на тоа дека вечното женско ја означува возвишената желба. Семантички полното име на Таја е предмет на интерпретација. Таја е олицетворениена „саканата“, на романтичарската „идеална драга“, но атрибутирана и дескрибирана во урбана средина. Метонимиски, лирскиот субјект ја поврзува Таја со „тајна над тајните“.

Темелно е проанализиран и симболот на тајната. Уредна е целокупната интерпретација, изведена на ниво базирано на теоријата на литература.

Ристова-Михајловска, Милена, **„Интерпретација на песната ’Првите податоци за Деницијa’“,** TI=Сум : списание за уметност ISSN: 1409-6455.- God. [20], br. 71 ([2013]), str. 105-133, стр. 105 – 133.

**Евалуација на трудот:** Авторката ја имплементира на ова ниво тезата на д-р Јунг, според која човечкиот дух има своја историја и душата (психата) чува многу траги од раната фаза на својот развој. По некој симбол соновите потекнуваат од тоа што д-р Јунг го нарекува „колективно несвесно“, т.е. од оној дел од психата што го задржува и пренесува заедничкото психолошко наследство во човештвото. Оттука, авторката ја открива пренесувачката моќ (од колено на колено, од генерации на генерации) на она што лирскиот субјект го нарекол Деницијa - архетипот кој го споредува со предците и со нивното живеење, архетипот кој постоел пред да биде создаден поетот, архетипот кој живее во секоја суштинска клетка од овоземското и сегашно живеење, архетипот кој и кога „умира“, продолжува вечно да живее во битието на лирскиот субјект и во сè околу него. Деницијa уште на почеток е атрибутирана како сеприсутна, а ниту во еден момент визуелно видлива. Заклучокот е во крелација со дефинициите на Хајдегер и Кант: ствар се означува и нешто што не се појавува. Една таква ствар која не се појавува е целината на светот, па дури една таква ствар е и самиот Бог.

Јованова, Вилма, Ристова-Михајловска, Милена, **„Библиотеките поврзуваат луѓе, заедници и нации“,** TI=Библиотекарство : списание со

меѓународен карактер на Библиотекарското друштво на Македонија ISSN: 1409http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=2113568325853169&rec=-49343242&sid=1&fmt=119357 ; C400-2105.- God. 33, br. 1-2 (2016), str. 83-88.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се истакнува мисијата на современите библиотеки и начините преку кои може истата да се претставува пред домашната и меѓународната јавност и да биде истовремено и услужен и едукативен и научноистражувачки центар за

сите целни групи читатели. Тезата што како мисија стои во трудот е библиотеките да создадат можност за сите граѓани да читаат, да осознаваат, да бидат информирани во смисла на јакнењето на своите лични, културни, духовни и демократски потенцијали, како и да ги запознаат и користат придобивките на новите информациски и комуникациски технологии со цел да го поминат своето слободно време креативно и квалитетно. Библиотеката ги поврзува луѓето нудејќи им простор за меѓусебна соработка и соживот. Библиотеките преку своите служби и услуги треба да поттикнуваат на пошироко општо образование, стручна и истражувачка работа, поврзување на пошироката популација, како и иницирање разни облици на вмрежување на сите нејзини целни групи корисници.

23. Ристова-Михајловска, Милена, **„Мозаикот на монографиите збогатен со уште еден релевантен сегмент или раѓање на првата монографија за Росоман“** (рецензија) во: „Росоман. Временски хоризонти. Распослана сончева благодет на почвата полна слад“, 2009.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за рецензија на научноистражувачки труд во кој хронолошки се систематизирани историските и општествено развојните линии на Општина Росоман. Монографија од ваков вид за првпат е направена за Росоман и истата од страна на рецензентката е оценета со висока оценка во однос на колекционираните информации, систематичност и употребен фотографии.

24. Ристова-Михајловска, Милена**, „Нивната муза е Евтерпа, вашите срца ќе ги обземе катарза“** во: „Волшебниот свет на книгата. Наградени творби од литературниот награден конкурс“, НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип, Штип, 2014, стр. 5 – 9.

**Евалуација на трудот:** Рецензија на поетски творби од литературни конкурси во рамки на проект поддржан од Министерството за култура на РМ. Со овој труд се прави осврт и анализа на 50-ина прозни и поетски творби во кои како тема се третира „книгата“. Креирајќи ја рецензијата, авторката дава осврт кон почетоците и развојниот пат на литературата воопшто. Од создавањето на Светото Писмо и Куранот, преку различните стилски формации, поминувајќи кусо панорамски низ средниот и деветнаесеттиот век, стигнува до литературата во дваесеттиот и дваесет и првиот век. Со панорамски поглед кон наградуваните творби, дава препорака за нивно печатење.

25. Ристова-Михајловска, Милена, **„Вовед за првата публикувана роднокрајна тековна библиографија за Штип“,** во **„**Штип и Штипјани во дневните весници и списанија“ : (2017), Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2018, стр. 5 – 9.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се рецензира сработената колекција од библиографски единици, содржани во дневните весници и списанија, а во кои се застапени информации за Штип и изјави или авторски текстови од штипјани. Иновативен и практичен е пристапот со изработувањето на ваква библиографија што покрај библиографските единици, подредени хронолошки. Публикацијата содржи и два регистри од кои едниот е за автори, другиот е за наслови. На ваков начин е направена база на единици што истовремено од секаде во светот можат да се пребаруваат во електронската библиотечна база „Cobiss“.

Спиридонова, Блага и Ристова-Михајловска, Милена, **„Нови програмски содржини“,** TI=Библиотекарство : списание со меѓународен карактер на Библиотекарското друштво на Македонија ISSN: 1409-9357; C400-2105.- God.34, br. 1-2 (2017), стр. 121-124.

**Евалуација на трудот:** Тенденцијата на современата библиотека е да креира нови програмски содржини што ќе ги задоволат потребите на современиот читател. Во таа смисла, тука се бројни активности што во пракса мотивираат кон читање, како и сето она што установата ја издвојува од другите. Тука е афирмацијата, ревалоризацијата и претставувањето на ретките збирки во земјава и во странство, како и реализацијата на проектите поддржани од ресорното министерство, но и иновативните книжевно-музички перформанси и едукативни работилници, наменети за сите целни груп читатели. Целта на трудот е да ги претстави позитивните практики со позитивни ефекти пред сродните установи.

26. Ристова-Михајловска, Милена, **„Иновативниот пристап кон литературното дело - можен чувар на читателската традиција“,**

TI=Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век : научноhttp://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=2113568325853169&rec=-99385354&sid=1&fmt=11стручна трибина, 2015, стр. 159 – 165.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се даваат насоки за иновативно пристапување кон литературните дела. Наставникот треба да го поттикне ученикот да ги детектира клучните микроструктурни и теоретски елементи во литературното дело. Сумираните резултати се врежуваат долгорочно во меморијата на ваков начин. Се коментира и поимот „катарза“, чија ефективност може да биде поттик за читање на литература. Важно е одредувањето на нараторот, атрибутирањето на ликовите во прозното дело; херменевтичкиот пристап кон поетското дело; одредувањето на релацијата на старата литература со Библијата. Во трудот се дава предлог за поврзување на теоријата со пракса преку континуирно посетување на универзитетските библиотеки; поврзување на литературните дела со театарските претстави и со филмот. Во трудот се потенцира дека средновековниот писател со неговата едукативна улога е основа за учителот денес.

27. Ристова-Михајловска, Милена, **„Тотем и табу во ’Силјан Штркот’“,**

TI=Современост: списание за литература, уметност и општествени прашања ISSN: 0038-5972, стр. 91 - 98;

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дефинира тотемот како прататко на заедницата, нејзин дух-заштитник и помагач што испраќа пророштва и, доколку е опасен, ги познава и ги поштедува нивните деца. Во приказната за Силјан Штркот, според класификацијата на авторката, се јавуваат: класичен вид на тотем, олицетворен во животно и базичен вид тотем, произлезен од грозоморното таткоубиство за кое зборува Фројд. Дефиницијата дека тотемот е прататко на заедницата е теза што се изразува преку (пра)татковската функција што ја имаат: ликот на Силјановиот татко Божин (и мајката) во главната приказна; таткото (и мајката) во вметнатата приказна за Сиве и Чуле и ликот на старецот-светец во вметнатата приказна на Аџи Кља-Кљак. Тотемот-животно се јавува во ликовите на штрковите во волшебниот дел од приказната. Се аргументира и тезата дека тотемот е и татко и прототип на Бог.

28. Ристова-Михајловска, Милена, **„Полемиките во македонската писмена традиција“,** Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2017, 445 стр. ISBN 978-608-242-063-9.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за обемен научноистражувачки труд, односно публикувана монографска публикација од докторската дисертација на Ристова-Михајловска. Предмет на интерес на ова истражување се полемиките на одредени македонски книжевници од средновековниот период. Конкретно, со детални осврти, интерпретации и точно дефинирање и детектирање на полемиките е работено врз оставнината, изречена од: Кирил Филозоф во неколкуте негови мисии и полемики како што се полемиката со Арапите - Сарацени, полемиката со Хазарите, полемиката со трујазичната ерес, вербалниот спор со Јован Иконоборецот; Црноризец Храбар (преку делото „О писменех“) и Презвитер Козма (преку делото „Беседа против новопојавената богомилска ерес“). Точно и прецизно е сместена полемиката во палетата средновековни книжевни жанри. Со овој труд се дава дефиниција и претстава за полемиката како низ очите на средновековните творец и читател, така и низ очите на современиот творец и читател. За да се потврди присуството на полемиката во средновековната писмена традиција, а да не бидат база само полемиките или пишаните спорови од неколкумината македонски средновековни дејци, авторката посегнува и кон средновековните зборници како посебна форма на колекционирање на стари текстови. Многумина средновековни книжевници, редактори на речници, составувачи на вакви обемни дела, во нив вметнувале преводи од полемики од светската литература. Оттука е направена една глобална слика за средновековната полемика со детали за полемиката во светски рамки за на крај да се стигне до полемиката во македонската писмена традиција. Индиректно, низ сите поглавја ги бранат и оправдуваат поставените тези на оваа дисертација:

- Постоењето и значењето на полемиките на средновековната македонска писмена традиција;
- Присуството на стилски обележја во средновековните полемики што ја потврдува нивната специфична средновековна поетика и реторика;

- Утврдувањето на реториката и поетиката на средновековните полемики преку детектирање на соодветните микроструктурни елементи во нив;
- Врската со Библијата и присуството на христијанските елементи и сентенци во средновековните полемики.

34. Ристова-Михајловска, Милена, **„Автографи на македонски книжевници од XV и XVI век“** / Милена Ристова-Михајловска, Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2015, 197 стр. ISBN 978-608-242-012-7.

**Евалуација на трудот:** Наративната интерпретација на секој автограф е проследена со шематско прикажување на значајните карактеристики, микроструктурни елементи, стилски белези итн. Се лоцира местото на средновековните записи во редот на средновековните книжевни жанри. Одделен е поголем простор за поетиката на записите. Се потенцира тезата дека и покрај тоа што до XVII век не се појавува утврдување на микроструктурните елементи што ги содржат записите, ниту, пак, се споменува некаква поетика на записите, сепак, монасите и средновековни книжевни дејци како да се воделе од дотогаш „непишаните“ правила за пишување запис, на белините кај ракописите што ги пишувале и препишувале. Веќе во XVII век се прави обид за пишување на запис на ракопис. Во оваа работа се дава ново гледиште и се сработува поинаков пристап кон детектирање и анализа на средновековните автографи. Се посветува внимание на животните патеки и автографите на средновековните книжевници: Владислав Граматик, Димитар Кратовски, Протопоп Јоан Кратовски, Висарион Дебарски. Во едно поглавје се говори и за книжевните оставнини во вид на записи на книжевниците Пахомиј, Матеј и Сисој. Предмет на анализа се 29 автографи. Што е најважно, се утврдуваат микроструктурните елементи на поетиката на средновековниот автограф.

35. Ристова-Михајловска, Милена, **„Современа македонска поезија низ херменевтичко-метафорични очи“,** Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2017.

**Евалуација на трудот:** Истражувајќи ја средновековната македонска книжевност, д-р Милена Ристова-Михајловска го надополнува својот светоглед во дијапазонот на книжевноста преку инвентивни и креативни начини на пристап кон литературното дело. Така, прави и темелни херменевтички интерпретации и анализи, поткрепени со теорија на литература, и врз текстови од современата македонска книжевност. Конкретно, се осврнува на одредени поетски творби од поетските книжевни великани, репрезенти на современата македонска литература, чии поетски творби предничат со богатството од уметнички обележја и елементи. Поезијата на Гане Тодоровски, Анте Поповски, Петре М. Андреевски е предмет на интерес. И тоа – не сите нивни творби, туку само одредени, во кои низ призмата на херменевтиката и со помош на „Речникот на симболите“ чини соодветни интерпретации. Притоа дава упатства за пошироката јавност, а посебно за учениците, студентите, учителите и професорите, кои за време на наставниот час ги обработуваат овие творби. Рецензент на трудот е проф. д-р Кристина Николовска.

Николов, Благој Н., Стефановска, Анета, Боздоганова, Мариче, Спиридонова, Блага, Ристова-Михајловска, Милена, **Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Кн. 3,** НУУБ „Св. Климент Огридски” - Битола, НУ Библиотека „Григор Прличев” - Охрид и НУУБ „Гоце Делчев” - Штип : од 2003-2016 година, Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, 2017

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се претставени и документирани со фотографии и документација од најзначајните обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Автоматизацијата, информатичката технологија и новите програмски содржини во современата библиотека земаат значајно место во овој труд. Како резултат на истражувањата што ги прават авторите на трудот се пласираат значајните случувања, проекти и активности во една иста монографска публикација. Застапените обележја се однесуваат на библиотекарството во Штип, Охрид и Битола.

36. Стефановска, Анета, Николов, Благој Н., Ристова-Михајловска, Милена, **Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Кн. 2**, НУУБ „Св. Климент Охридски” - Битола, НУ Библиотека „Григор Прличев” - Охрид и НУУБ „Гоце Делчев” - Штип : од 1976-2002 година,
Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, 2016.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се претставени и документирани со фотографии и документација од најзначајните обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Со оглед на тоа што библиотеките низ македонските градови во својата официјална читалишна форма, започнуваат со функционирање од 70-години на минатиот век или поточно од 1976 година, во овој труд се зема за истражување периодот од 1976 до 2002 година. Како резултат на истражувањата што ги прават авторите на трудот се пласираат значајните случувања, проекти и активности во една иста монографска публикација. Застапените обележја се однесуваат на библиотекарството во Штип, Охрид и во Битола.

37. **Биди активен и ти ова лето! : летна школа Библио-арт 2016 /** [составиле и уредиле Милена Ристова Михајловска, Рената Пенчова, Анастасија Петрова] Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2016.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за публикација во која се содржани иницијативите и активностите од проектот „Летна школа БИБЛИОАРТ 2016“, поддржан од Општина Штип, а во рамки на „Штипско културно лето 2016“, во кој на неформален начин се едуцираат млади луѓе во образовни групи од отворен тип во рамки на различните видови предавања меѓу кои во областите на: книжевноста, јазикот, односите со јавноста, библиотекарството, разните видови уметност и сл.

38. **Денови на Шопов - 2016** : НУУБ „Гоце Делчев” - Штип, 20, 21, 22 јули 2016 / [составиле и уредиле Милена Ристова Михајловска, Рената Пенчова, Анастасија Петрова] Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2016.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се содржани презентациите, предавањата и авторските творби што учесниците во рамки на тридневната манифестација „Денови на Шопов“, реализирана во склоп на „Штипско културно лето 2016“, ги реципираа и пласираа, а се цел да се простудира поетиката на Шопов, да се твори врз база на неговите поетски мотиви и симболистички елеменети, но и да се пее во негова чест.

39. Ристова-Михајловска, Милена, **Поговор кон Монографијата „70 години - библиотека. 145 години читалиште“** од Блага Спиридонова, Штип, 2017.

**Евалуација на трудот:** Поговорот кон оваа значајна монографија ги содржи во резимирана форма тековите на библиотекарството во Штип, како и современата издавачка дејност на установата. Во трудов се содржани информации за рестартирањето на Библиографскиот центар во Библиотеката и конкретни осврти кон публикациите што се имаат издадено во периодот 2015-2017 година. Во Поговорот стои дека Монографијата е ова значајно парче од животот на Библиотеката во Штип и го овековечува живеењето на нашиот централен храм на книгата.

- Ристова - Михајловска, Милена, **„Скромен роденденски подарок за големиот креатор на убавата реч, д-р Душко Цацков“** во Душко Цацков : библиографија, Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2016, стр. 5 – 9.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се потврдува значајноста на сработената библиографска публикација што едновремено содржи и библиографски единици, но и уметнички текстови од д-р Цацков. Рецензент на библиографијата е проф. д-р Венко Андоновски. Во трудот се подредува хронолошки издавачката дејност на установата, започнувајќи од првата сработена библиографија воопшто, па до моментот на остварување на оваа персонална библиографија што содржи значајни податоци за професионалните публикувани и воопшто создадени дела од д-р Цацков.

- Ристова Михајловска, Милена, **„80. роденден, многу дела, прва библиографија“** во Методи Чепреганов : персонална библиографија, 2016, стр. 7 – 9.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се прави ретроспектива на персоналните библиографии сработени од професионални библиографи за истакнати личности од Штип. Во редот на докторите на науки што со право заслужија да се најдат во таа едиција на персонални библиографии се и делата на д-р Чепреганов. Во овој осврт се истакнуваат застапените библиографски единици, публикувани и сработени во земјава и во странство, како и фактот дека оваа библиографија е изготвена на современ начин со застапени единици, подредени во категории и, на крај, со фотографско-описен животопис.

40. Ристова-Михајловска, Милена, **„Осврт кон поводот за публикувано раѓање на делото“** во „Словенската писменост во Македонија“ од Виолета Мартиновска, НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип, 2016.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави кус осврт кон значајноста на делото што се публикува, со тоа што прво се прави воведување кон словенската писменост воопшто и кон базата на она што е денес и што денес се продолжува и афирмира. Поводот за публикување на монографската публикација, а со тоа и поводот за пишување на освртот е јубилејот од 1100 години од упокојувањето на св. Климент.

41. Ристова- Михајловска, Милена, **„Низ женското писмо в о стихозбирката 'Жена'",** во „Жена" од Виолета Тодева-ијалкова, стр. 97 – 105.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за студиозна рецензија на поетски творби што припаѓаат на современата македонска поезија каде што рецензентката говори за македонското женско писмо низ годините station наназад, па до денес. Започнува со женското писмо во III век пр.н.е, генерализира став за женското пеење низ средниот век, ги истакнува запишувачите во XIX век и стигнува до почетоците на женското писмо во севремената македонска поезија. И овие поетски творби ги лоцира во рамки на ова писмо, помалку што и експлицитно го носат генералниот наслов „Жена", но повеќе што поетиката на овие песни содржи обемен број симболи и микроструктури за анализа. Интерпретирани се во рецензијата.

42. Ристова-Михајловска, Милена, **„Вечното женско во песните за Таја"** во „Песни за Таја" од Трајче Кацаров, 2016 год.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за рецензија на 30 поетски творби што припаѓаат на современата македонска поезија. Публикацијата е состав од поетски творби и библиографски профил со библиографски единици од последните 30 години. Во трудот на аналитичко-интерпретативен начин се детектирани симболите во поезијата, а „вечното женско" како универзачен мотив е проанализиран од повеќе аспекти. Од аспектот на тоа дека вечното женско ја означува возвишената желба. Семантички полното име на Таја е предмет на интерпретација. Таја е олицетворение на „саканишта", на романтичарската „идеална драга", но атрибутирана и дескрибирана во урбана средина. Метонимиски, лирскиот субјект ја поврзува Таја со „тајна над тајните". Темелно е проанализиран и симболот на тајната. Уредна е целокупната интерпретација, изведена на ниво базирано на теоријата на литература.

43. Ристова-Михајловска, Милена, **„Хуморот на Благица Ефремова во поетскиот стихозбир 'Сериозното лавче'"** во „Сериозното лавче" од Благица Ефремова, НУУБ „Гоце Делчев" - Штип, 2015.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се прави темелна анализа на поезија за деца и младина, при што прво се интерпретира хуморот, па ликовите, па симболите. Смислата за хумор овозможува да се биде потолерантен и подобар кон другите. Со тоа човекот станува помалку ранлив пред луѓето и поотпорен на сето она што животот секојдневно го носи. За да се открие хуморот во едно литературно дело, читателот треба да биде подготвен да ги пронајде сите алузии што ги направил авторот на текстот. Скриена контрадикција избликнува уште во синтагматската кованица на насловот. Ликовите се така создавани за да им се допаднат на децата и тоа од повеќе аспекти. Волшебноста на она што тие ликови го прават е прва причина за допадливост и блискост до детскиот свет. Тие ликови говорат. Не се обични неми животни, ами зборуваат и дејствуваат. Сказноликоста во поезијата алудира на басната како одлика и како жанр. Сонцето стои на врвот од тој хумор со кој се ублажува секојдневието, но ја ублажува и реалноста што се пласира до широкогенерациската читателска публика, бидејќи темите што ги пласира се современи, а спуштени до нивото на детето, детството, сказноликоста, волшебството, басноковството и алегорискиот приказ и поглед на свет.

44. Ристова-Михајловска, Милена, **„Значаен труд - публикуван по повеќе една деценија од неговото создавање"** во „Ранохристијански сакрални објекти во сливот на реката Брегалница" од Миланчо Миленковски, НУУБ „Гоце Делчев" - Штип, 2017, Штип.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за осврт кон еден труд што разгледува еден поинаков аспект за раното христијанство и словенската писменост долж течението на река Брегалница, во однос на оној книжевниот. Како материјален белег на словенската писменост, освен книжнината, стојат и сакралните објекти што темелно се разработени, лоцирани и одредени. Авторката во овој осврт го коментира и исказот од Кусото Кирилово

житие, каде што стои информацијата за покрстувањето на Словените на реката Брегалница. Како медиевист, Ристова-Михајловска има легитимитет да се осврне кон една ваква значајна дисертација и тоа како поврзаната со раното христијанство и средновековието.

45. Ристова-Михајловска, Милена, **„Младоста и талентот - плодна основа за творење“** во „Осцилации“ од Рената Пенчова, Штип, 2017.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е рецензија кон поетска збирка од млад автор, дадена на одобрување. Во рецензијата се прави анализа на поетските стихови од аспект на херменевтиката, метафориката и теоријата на литература. Градацијата, степенувањето и генитивната метафора се издвојуваат како одлики. Лирскиот субјект пее во 1 лице еднина. Почести се обраќачките интервенции кон „идеалниот драг“ или сакан. Со тоа се чини одликата за реторичност. Пандан на младоста се симболите на хризантемата и есенскиот сон.

46. Ристова-Михајловска, Милена, **„Да се пишува за оставнината, значи да и се даде век повеќе“** во „Традициски верувања и обредна пракса околу раѓањето кај Овчеполците“ / Трајан Ристовски, Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2017, стр. 276-277.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за Поговор кон научноистражувачката работа, односно магистерскиот труд на м-р Трајан Ристовски што како проект од обласата на издавачката дејност е поддржан од Министерството за култура на Р. М. Научноистражувачкиот труд на Ристовски го проширува дијапазон на истражување, опфаќајќи ја Овчеполска етнографска целина, создавајќи значаен труд за обичаите во Овче Поле, поврзани со раѓањето.

47. Ристова-Михајловска, Милена, **„Пеења полни бит, актуализација и лирика“** во „Здивот на духот вечен“ од Цвета Спасикова, Штип, 2015, стр. 55 – 62.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави херменевтичка анализа на поетски стихови што се со тенденција да бидат поема, но поради недостатокот на ликови и дејствија, останува слеан збир од творби. Рецензентката ги утврдува алузиите и врските на оваа современа поезија со постоечките митови, легенди, цитати, пословици и сентенци. Понатаму, разобличува симболи, трага по метафоричките елементи, го детектира битот во пеењата. Структурно го дели поетскиот текст на пет дела што се компактибилни меѓу себе. Инвокацијата е присутна, но насочена кон „градот“ и кон „живата река“. Се истакнува подражавањето на денешниот 21 век, преточен во стих. Поголемиот дел од пеењата припаѓаат кон урбаната поезија со тоа што како кулминација на тоа следува доаѓањето на ликот на Александар Македонски во големиот град.

48. Ристова-Михајловска, Милена, **„Мојот град - современа инспирација, младите поети - идни книжевници“** во „Мојот град низ времето : преку пишани и ликовни творби“, Штип : НУ Библиотека „Гоце Делчев”, 2013, стр. 5 – 6.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е рецензија кон наградени поетски творби, колекционирани во рамки на Конкурс што како проект е поддржан од Министерството за култура на РМ. Во овој труд, авторката првенствено говори за романтичарската поезија. Ја толкува како непрекинат создавачки процес во кој акцентот е на бескрајното и на убавото, а притоа базирајќи се на Жан Пол Рихтер. Копнежот по татковината, патриотското чувство, дескрипцијата на убавите, природата се елементи со кои се одликува таа поезија. Веќе 21 век си ја носи дури и постмодерната, а во творбите што се рецензираат, поради младоста на поетите, содржат повеќе романтичарски белези. Рецензентката апелира кон имплементирање на сопствената лектира во личните творби. Го коментира и Јунг според кој неродeното дело во душата на уметникот живее и расте како дрво во земјата од каде што се храни.

49. Ристова-Михајловска, Милена, **„Херменевтички осврт кон поетските алки на Годишникот“,** ИСКРА, бр. 31, 2014 год., стр. 37 – 42.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за рецензија кон поетски творби од 30-ина автори, сместени во алманах - годишник, во која рецензентката темелно ја анализира поетиката на секој застапен поет поединечно. Открива елементи на романтизам, на полетност, на оптимизам. Прави објективна интерпретација на сечија поезија со тоа што ги утврдува истакнатите и застапените микроструктурни елементи.

50. Ристова-Михајловска, Милена, **„Ацо Шопов - жив симбол, вечен поет, современик и горд патрон во градот под Исарот“** во „Ацо Шопов“ / Виолета Мартиновска, Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2017, стр. 82 – 86.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е осврт кон поезијата на Ацо Шопов каде што точно се утврдуваат и детално анализираат стилските и симболистичките елементи на неговата поетика. Трудот е дел од публикација во која е направен избор од неговите антологиски и најчесто користени песни во наставата по литература. Кога авторката на трудот говори за симболистичките елементи на поетиката на Шопов, не изостава да ја спомене тишината со нејзината плодотворна функција, наместо деструктивната и нетворечка на молкот. Ја дообјаснува симболиката на „очите“, на „црната жена“, на „луната“, на „маслината“. Од сето тоа изнаоѓа плодотворечка конотација.

51. Ристова-Михајловска, Милена, **„Македонскиот јазик - наше богатство“** / уредник и координатор на проект, НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип, 2008.

**Евалуација на трудот:** Овој труд е резултат на тригодишна работа во рамки на истоимениот проект, реализиран од Ристова-Михајловска како автор, аплициран од Граѓанската асоцијација на Македонија „ГАМА“ до Министерството за образование и култура и поддржан и одобрен од ресорното министерство во рамки на Програмата за одбележување на 2007 година - година на македонскиот јазик. Со проектот се реализирани јазично-едукативни работилници со млади луѓе од различни возрасти, кои како резултат на сето тоа, пишуваат креативно и го публикуваат напишаното. Ристова-Михајловска истовремено е и уредник на публикацијата и автор и координаторна проектот.

52. Ристова-Михајловска, Милена, **„За некои влијанија во македонскиот јазик денес или потсетување на нашата должност“,** Гласник на Општина Штип „Мозаик“, 1 јули 2011, год. II, број 15.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд во три дела се алудира и апелира на потсетувањето на должноста за чување на мајчиниот јазик. Нестандардната пројава на јазикот се остварува преку повеќе форми, меѓу кои и употребата на дијалектизмите, жаргонизмите и странските зборови и изрази. Дијалектизмите се оценуваат како најблага форма во однос на останатите споменати. Реална опасност за јазикот се странцизмите, посебно оние од англискиот јазик што денешната младина често ги користи и ги прифаќа како составен дел на својот јазик. Поентата на трудот и апелот е да се „очистиме“ од тие влијанија за да не се случи втемелување како она на турцизмите, та да ни се изостават коренските синоними на чие место се ставаат странски зборови.

53. Ристова-Михајловска, Милена, **„Осврт кон записите на ‚Диоптра„ во препис на Матеј Слепченски“,** статија во Гласник на Општина Штип „Мозаик“, септември - октомври 2015, год. VI, бр. 56, стр. 15.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд, и покрај тоа што се истакнува скудноста на материјали за Матеј Слепченски, сепак, интерпретацијата и пренесувањето на неговите записи се од големо значење. Дури пет записи се испишани на белините од „Диоптра“ и истите тие записи авторката ги разгледува од стилистички аспект со богатство од стилски фигури, но и како извор на информанти. Од редот на тие записи, најдрагоцен е записот - автографот оставен на маргините од споменатово дело, испишан од раката на Матеј јеромонах. Записот е предаден со тајнопис и истиот се наоѓа на последната страница од препишаната книга.

54. Ристова-Михајловска, Милена, **„Алармот е вклучен - јазикот трпи или да си ги чуваме македонскиот јазик и книжевноста наша“**, статија во Гласник на Општина Штип „Мозаик“, октомври - ноември 2014, год. V, бр. 50, стр. 17.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се одделува простор за состојбата со женските презимиња во Р. Македонија во поново време. Губејќи ја формата за женски род, презимињата ја губат и смислата и содржината ако не се во контекст на името. Авторката ова го оценува како „помодарство“: Воедно, го истакнува и моментот за неусогласување на формите за ж.р. што беа во тогашниот Правопис на македонскиот јазик. Со ова го иницира усогласувањето во формулациите за обраќање кон функционерки или професии од женски род.

55. Ристова-Михајловска, Милена, **„Средновековно минато... Манастирско-творечка тишина“** статија во Гласник на Општина Штип „Мозаик“, март – април 2015, год. VI, бр. 56, стр. 15.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се потенцираат неколку значајни точки од средновековното творештво. Тука е продискутирано за „тајнописот“ како практика за потпишување на средновековниот творец, кој поради својата скромност го криел своето име или го прикривал под поинаков потпис од каде не може да се расчита личното или монашкото име на самиот пишувач. Се истакнуваат поетиката и реториката на средновековниот запис - нешто што за првпат во поширока смисла се обработуваод самата авторка. Се говори за книжевната традиција на македонскиот XV век, но и за вековите подоцна. Се истакнуваат имиња на македонски средновековни дејци, како и книжевните центри во кој се вршелаинтензивна книжевна препишувачка, преведувачка и авторска дејност.

56. Ристова-Михајловска, Милена, Јованова, Вилма и Манева, Соња, **„Ацо Шопов - вечен поет и горд патрон во градот под Исарот“,** Меѓународна конференција „БИБЛИОНЕТ 2016“, тема „Лега и библиотеке целине“, Крагуевац, Србија, 2016, стр. 21 – 26.

**Евалуација на трудот:** Преку овој труд се потенцира роднокрајната оставнина на поетот Ацо Шопов во неговиот роден град, но истата таа фактографска ситуација е проследена со темелна книжевно-интерпретативна анализа на неговата поезија преку изнесување на суштинските микроструктурни елементи во неговата поезија. Се прави осврт кон мотивот на тишината во поезијата на Шопов со што се потенцира дека таа не е само експлицитен наслов на една негова творба, туку е универзализирана и издигната на едно повисоко рамниште - на ниво на значаен елемент при градењето на арс - поетиката на оваа поезија. Потенцирана е ретко пласираната теза за Шопов како симболист, за Шопов како македонскиот Рембо. Се разоткриваат симболистичките елементи и симболите воопшто во поезијата на Шопов, а како заклучок во однос на легатите се истакнува фактот за современото мултимедијално зачувување на личноста и делото на Шопов.

57. Ристова-Михајловска,Милена,**„Едно драмско читање на Балканот во ’Словенскиот ковчег’ низ Бела, ликот - номад“** / Milena RISTOVA-MIHAJLOVSKA, DRAMA READING OF THE BALCAN PENINSULA IN „SLAV

CASKET THROUGH BELA, THE NOMAD CHARACTER, Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, стр. 197.

**Евалуација на трудот:** „Словенскиот ковчег“ (сказна во прав) - насловот упатува на моделот на „словенството” како мит за заедништво, колективитет или како утописки концепт од светската историја на идеи. Соодветствува на познатиот имаголошки стереотип за „словенската душа”: пренагласена чувствителност која води кон пропаст, затоа што подразбира неотпорност, неснаодливост во еден материјализиран, прозаичен свет. Аспектот на другоста е изразено хронотопичен; тој се чита не само на релација Исток - Запад, туку и на релација: Исток - Исток. Со други зборови, постои интеркултурен двобој и меѓу стариот и новиот Исток, меѓу старите и модерните (современи) Словени. Значи, откривањето на другоста не е упатено само нанадвор (кон Другиот, кон Запад), туку и навнатре, кога Словенот себеси се набљудува и се открива како Друг. Сопоставувањето во ниеден момент не е црно-бело; напротив, повеќе станува збор за нијанси на црно: и во двата света, имено, царува дрогата, криминалот, живеат осакатени. Текстпредлошка на „Словенскиот ковчег“ се: сказната во која како релевантен мотив се јавува „грануваењето девојка од страна на змеј“; сказната во која како мотив се јавува „детето (мома) родено/а од златно јаболко“; митот за сторениот грев крај јаболкницата во делот Стар Завет од Библијата.

58. Ристова-Михајловска, Милена и Јованова, Вилма **„Иновативни активности и инфраструктурни проекти за промена на стереотипната перцепција за библиотеката“**, TI=Библиотекарство: списание со меѓународен карактер на Библиотекарското друштво на Македонија ISSN: 1409-9357; C400-
2105.- God. 33, br. 1-2 (2016), стр. 69-75.

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд е да направи теоретска и практична паралела помеѓу стереотипите и иновациите, да укаже на важноста од иновативност и да покаже позитивни практики од работењето на Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ во Штип. Корисниците на библиотеките се класифицираат како активни, потенцијални и недопрени. Перцепцијата на двете последни целни групи за библиотеката е на линија на место за заем на книги. Со трудов се наметнува тенденцијата за промена на таквата перцепција. Во трудов се дефинираат поимите: иновација, иновациска дејност и иновациска култура. Се укажува на потребата од итно промовирање на библиотеките и пренесуваме на креативно-иновативни и позитивни примери за активности, за проекти и за уредување на инфраструктурни објекти во библиотеките. Се потенцираат: библиотечниот мултикултурализам, едукативните работилници и обуки во Библиотеката, информативно-едукативните активности во Инфобусот, книжевно-музичките и мултимедијални перформанси. Се даваат два примера за герила-маркетинг. Очекуваните ефекти ги даваат своите резултати, а преку нив се обезбедува: подобрување на имиџот на библиотеката на модерен начин; нудење различност во однос на претходните активности и стекнување силна конкурентност меѓу другите библиотеки.

59. Ристова - Михајловска, Милена, **„Интерпретација на автографи од последниот меѓу свештениците, протопоп Јоан Кратовски“**, „Кирилометодиевистика“, бр. 9, 2015, стр. 105 – 121.

**Евалуација на трудот:** Предмет на интерес на овој труд е книжевното дело на македонскиот книжевник од XVI век, протопоп Јоан Кратовски. Темелно е проследен и анализиран неговиот ракопис од 1526 година и евангелијата од подоцнежниот период. Неодминлива е врската на овој книжевник со Кратовската книжевна школа што е аргумент зазадолжително проследување на состојбите и активноститево неа. Во овој труд се прави детална анализа на еден запис што е забележан во ракописот „Молитвеникот од 16 век“, спомнат погоре. Други анализирани записи, испишани од раката на Јоан Кратовски, а поместени во овој труд, се белешките на два ракописа од 1558 и 1563 г. За првпат научната јавност ги добива овие ракописи во расчитана форма и интерпретативно предадени со наративна анализа и табеларен приказ, корисен за сите целни групи - реципиенти.

60. Милена Ристова-Михајловска, Гордана Тасева, Ангеле Михајловски, **„Лесковички свадбени обреди, обичаи и песни“**, Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев”, 2018.

**Евалуација на трудот:** Во денешно време студентите и учениците во најголем дел го интерпретираат и анализираат она што е веќе пронајдено, истражено и оставено во соодветните публикации. Додека сè уште има живи информатори треба да се работи на терен. Затоа се пример авторите на овој труд, кои го резонираат целиот тој истражен материјал, го складираат на едно место и на крај - извлекуваат заклучоци. Во таа фаза е и книжевната интерпретација на текстовите, обредите и обичаите. Притоа, песните се анализираат, се детектираат нивните специфични елементи, им се утврдува поетиката како генерално одличје на народната песна. Реконструкцијата и редукцијата на обичаите, овде се темелно и детално претставени. Трудот може да најде простор и меѓу литературата за користење што им се препорачува на студентите.

61. Ристова-Михајловска, Милена, **„Перунова синестезија“**, Штип : НУУБ „Гоце Делчев”, 2012, Штип.

**Евалуација на трудот:** Поетска збирка, рецензирана од проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска.

62. Ристова-Михајловска, Милена, **„Хуморот на Благица Ефремова во поетскиот стихозбир ’Сериозното лавче’“**, Меѓународно научно списание за книжевност за деца и млади, 1-2, 2018.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд се прави темелна анализа на поезија за деца и младина во кој прво се интерпретира хуморот, па ликовите, па симболите. Смислата за хумор овозможува да се биде потолерантен и подобар кон другите. Со тоа човекот станува помалку ранлив пред луѓето и поотпорен на сето она што животот секојдневно го носи. За да се открие хуморот во едно литературно дело, читателот треба да биде подготвен да ги пронајде сите алузии што ги направил авторот на текстот. Скриена контрадикција

избликнува уште во синтагматската кованица на насловот. Ликовите се така создавани за да им се допаднат на децата и тоа од повеќе аспекти. Волшебноста на она што тие ликови го прават е прва причина за допадливост и блискост до детскиот свет. Тие ликови говорат. Не се обични неми животни, ами зборуваат и дејствуваат. Сказноликоста во поезијата алудира на басната како одлика и како жанр. Сонцето стои на врвот од тој хумор со кој се ублажува секојдневието, но ја ублажува и реалноста што се пласира до широкогенерациската читателска публика, бидејќи темите што ги пласира се современи, а спуштени до нивото на детето, детството, сказноликоста, волшебството, басноковството и алегорискиот приказ и поглед на свет.

63. Ристова-Михајловска, Милена, **„Нараторските интервенции и досетки - ткајачи на една нова сказна во стихови со арс - поетско вајање на ликот на Пити Бој“,** Меѓународно научно списание за книжевност за деца и млади, 1-2, 2018.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд, врз база на „поетската“ наратологија и врз основа на теоријата на литература се прави интерпретација на една поема со елементи на волшебност. Ликот на Пити Бој се вајa со слики примамливи за децата, а китен е со атрибути со кои благохуморно им се доближува и изнудува допадливост кај возрасните. Протолкуван е бродот како метафора за животот и сопственото битисување низ кое се броди и плови. Посебен акцент е ставен на пејачот - раскажувач. Поетското лирско јас се јавува како прв лик – наратор во оваа волшебна приказна во стихови. Вешто и мудро не ја крои само тој прв лик – раскажувач, ами таа улога транспарентно им се доделува како задача на многу ликови – раскажувачи. Интерпретирани се вметнатите песни во песни, приказни во приказни, низата нараторски интервенции, атрибутите на ликовите.

64. Ристова-Михајловска, Милена, **„Колективната приказна од Рената како макрослика на една реална сириска приказна, испишана во Штип“** во „Патот до метаморфоза“ од Рената Пенчова, НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип, 2017, стр. 176 – 181.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за рецензија кон прозно дело сочинето од писма. Епистоларен роман во кој своите лични судбини ги искажуваат фиктивни ликови кои се прототип на засегнатите лица во бегалската криза што во 21 век ги нападна христијаните од Сирија. Рецензентката го поврзува делото со поимот и состојбата на „колективното несвесно“ што како архетип постои во сечиј интелект. Од страна на рецензентката делото е оценето позитивно со преземен храбар чекор за обработка на една ваква тема од страна на автор чија земја и лоцирање во неа е само индиректен соучесник и премин - територија за лицата што се оликотворени во романот.

65. Ристова-Михајловска, Милена, **„Сонот и стравот - стожерни мотиви во ’Крвава планина’“** во „Крвава планина“ од Горан Димов, НУЦК „Ацо Ѓорчев“, Неготино, 2013.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд - рецензија се детектираат одликите на еден модерен трилерски роман. Во модернизмот се користи мининарацијата. Макетата на нарација му овозможува на читателот херменевтички пристап кон текстот. Реципиентот е импресиониран од моќта и прекогнитивноста на сонот и таинственоста на приказната. Во романите од книжевната Модерна, па и овде, како поттекст или „текст во текст“ се употребуваат прекогнициите и соништата. Романот што се интерпретира е базиран на мотивот на сонот. Резимето е синоним за возбудливо романескно дејство, со епизоди меѓу сонот и јавето, доброто и злото, убавото и неубавото и со дидактичка поента од крвавите случувања.

66. Ристова-Михајловска, Милена, **„Претставување на македонска литература со акцент на средновековната книжевност“** - одржано предавање во рамки на XI Меѓународен фестивал „Пауталија - Ќустендил, 2017“, Народно читалиште „Братство 1869“, Ќустендил, Р. Бугарија.

67. Ристова-Михајловска, Милена, **„Ретките збирки, конзервираните стари книги и новата издавачка дејност на НУУБ ’Гоце Делчев’ - Штип“** - одржано предавање во Амбасада на РМ во Париз во рамки на проектот „Француски учиме, македонски читаме - култура спојуваме и развиваме“, поддржан од Министерство за култура на РМ, Париз, Франција, 2017.

68. Ристова-Михајловска, Милена, **„Македонскиот јазик да го чуваме и негуваме. Глаголицата и кирилицата - столб на една писменост. Средновековната книжевност - потврда за базично книготворење“** - одржано предавање со работилници во рамки на проект во организација на Македонско културно друштво „Македонија“ - Сплит, 2017, Хрватска.
69. Ристова-Михајловска, Милена, **„Претставување на старата македонска книжнина“** - одржано предавање во рамки на Традиционалните денови на културата „Караличеви дни“, 2017, Стражица, Р. Бугарија
70. Ристова-Михајловска, Милена, **„130 тома македонска книжевност. Јужнословенските литератури од IX до XVIII“** - одржано предавање во Народната библиотека „Радислав Никчевиќ” - Јагодина, Србија, во рамки на проектот „Заеднички сродни проекти отвораат врата за заеднички европски проекти“, поддржан од Министерство за култура на РМ, Јагодина, Србија, 2016.
71. Ристова-Михајловска, Милена, **„За збирките од стари книги на старословенски, македонски и старотурски јазик што се чуваат во Библиотеката во Штип“** - одржано предавање во Библиотеката во Кирклари, Истанбулска област, Турција, во рамки на проектот **„Промоција на стари и ретки книги на старотурски и на старословенски јазик во библиотеката во Истанбул, Турција“**, поддржан од Министерство за култура на РМ, 2017, Кирклари, Турција“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска има покажано голема активност во полето на научноистражувачката (НИ) и стручно-апликативната и организациско-развојната (САОР) способност, при што може да се констатира дека го надминува потребниот квантум за да биде избрана за наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Д-р Милена Ристова-Михајловска има 10-годишно работно искуство во кое се јавува како предавач, професор, државен службеник, работник во медиум, директор, раководител, едукатор. Во целиот тој период има објавено три самостојни научноистражувачки публикации, рецензирани од универзитетски професори, три научноистражувачки публикации од кои во едната се јавува како прв автор, а во другите како коавтор. Има раководено и спроведено повеќе научноистражувачки проекти. Уредник е на еден поетски алманах. Автор на повеќе поетски збирки. Изготвувач е на елаборати за заштита на културно наследство. Има објавено бројни трудови во меѓународни, странски и во домашни научни списанија и публикации, а учествува и на меѓународни и домашни научни конференции и собири. Сето тоа покажува дека кандидатката д-р Милена Ристова - Михајловска има постигнато завидни резултати во клучните области и дејности: НИ и САОР, така што се афирмира како истакнат работник во својата професија. Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање - насловен доцент за наставно-научната област: македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век. Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска да биде избрана за наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Виолета Мартиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, претседател, с.р.**
**Д-р Добрила Миловска, редовен професор, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, член, с.р.**
**Д-р Илија Велев, редовен професор, Институт за македонска литература, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга (реден број 33, 34, 35) | 3X10=30 | / |
| 2 | Дел од монографија или научна книга (реден број 28, 38, 39, 44, 45, 46, 48, 50, 51, 52, 53, 54, 67, 68) | 12X6=84 | / |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>(реден број 2, 3, 8, 17, 18, 19, 20, 26, 30, 61, 65, 66) | 9X9=81<br>2X6=12<br>1X3=3 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>(реден број 1, 4, 5, 6, 9, 10, 11, 12, 13, 15, 31, 59, 60) | 11X2=22 | 2X3=6 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (реден број 7, 14) | 2X1,5=3 | / |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 1X8=8 | / |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 1X4=4 | / |
| 12 | Раководител на научен проект | 1X4=4 | / |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | 3X2=6 | / |
| 14 | Уредник на научно списание<br>(СЦИ/ЦА/останати) | 1X10=10 | |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | / |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 1X5=5 | / |
| 23 | Рецензент на научен труд<br>(СЦИ/ЦА/останати)<br>(реден број 27, 29, 40, 41, 42, 43, 47, 49) | 9X1=9 | |
| | Вкупно поени од НИСУ дејност | 288 | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Книга (реден број 64) | 1X10=10 | / |
| 2 | Поглавје од книга (реден број 36, 37, 63) | 3X4=12 | / |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>(реден број 16, 21, 22, 23, 24, 25, 32, 55, 56, 57, 58, 62) | 12X2=24 | / |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир (реден број 69, 70, 71, 72, 73, 74) | / | 6X4=24 |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | 3X5=15 | / |
| 17 | Елаборати и експертизи | 2X2=4 | / |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија (*одбор за доверба и односи со јавност - Музичка академија)* | 1X2=2 | |
| | Вкупно поени од САОР дејност | 91 | |
| | Вкупно поени од НИСУ + САОР дејност | 379 | |